ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 19 март 2018

# СООПШТЕНИЕ

## Информација во врска со барањата на Здружението на матични гинеколози на Република Македонија

Фондот за здравствено осигурување на Македонија сака да ја информира јавноста во врска со барањата на матичните гинеколози реафирмирани преку јавните гласила во Република Македонија.

Матичните гинеколози се важна карика во здравствениот систем бидејќи се грижат за репродуктивното здравје на жените, а водено се во помал број од предвидениот во Република Македонија. Фондот го препознава овој факт и поради истото континуирано одржува редовни средби со Здружението на приватни гинеколози на Република Македонија (ЗПГАМ).

Точно е дека пред два месеци беше последната средба, на која Здружението презентираше неколку барања, пред се од финансиски аспект.

Фондот секогаш ги носи своите одлуки во интерес на своите осигуренички, а пред се, во насока на обезбедување на квалитетна и навремена задравствена заштита, па така и овојпат, партнерски ги разгледува можностите за изедначување на капитациониот бод за матичните гинеколози со другите матични лекари. Но ова предвидува нови финансиски средства.

Фондот не претпочита комуникација преку медиумите, со своите стратешки партнери, па поради тоа, сакаме да ја информираме јавноста дека во најбрз можен рок, е предвидена средба на менаџментот на Фондот со претставници на ЗПГАМ. Сите одлуки кои ќе бидат заеднички донесени ќе бидат навремено соопштени.

Колку за информација, треба да земеме предвид, дека матичните гинеколози се најскапо платените специјалисти во Репулбика Македонија, со просечна месечна исплата од 169 илјади денари по тим. Колку за споредба, тоа е повеќе од 55,500 денари отколку што Фондот исплаќа на општ матичен лекар.